ДРЖАВЕН ЗАВОД ЗА РЕВИЗИЈА

ул. Македонија 12/3
1000 Скопје
Република Македонија
Тел: + 389 2 3211 262
Факс: +389 2 3126 311
e-mail: dzr@dzr.gov.mk
www.dzr.gov.mk

**Број: 09-141/8**

**Дата: 04.03.2014**

**ДО**
**СРЕДНО УЧИЛИШТЕ НА ГРАД СКОПЈЕ**
**ГИМНАЗИЈА „ЈОСИП БРОЗ ТИТО“ - СКОПЈЕ**

# КОНЕЧЕН ИЗВЕШТАЈ НА ОВЛАСТЕНИОТ ДРЖАВЕН РЕВИЗОР

## Резиме

Извршивме ревизија на финансиските извештаи заедно со ревизија на усогласеност на Средното училиште на град Скопје Гимназија „Јосип Броз Тито“ – Скопје (во натамошниот текст СУГС „Јосип Броз Тито“), сметка на основен буџет (603-10) за 2012 година.

Извршена е ревизија и издаден е извештај за финансиските извештаи за 2009 година, за кои е изразено позитивно мислење за реалноста и објективноста на финансиските извештаи за годината што е предмет на ревизија, како и за прашањата во врска со усогласеност на активностите, финансиските трансакции и информации со релевантната законска регулатива.

Со ревизијата не утврдивме материјално погрешни прикажувања кои би имале ефекти врз финансиските извештаи поради што ние изразивме позитивно мислење во однос на вистинитоста и објективноста на финансиските извештаи како и за усогласеноста со законските прописи во финансиските трансакции за 2012 година.

Не се добиени забелешки на Нацрт извештајот на овластениот државен ревизор.

---

| *Ревизорски тим* | *Овластен државен ревизор* |
|---|---|
| ______________________ | ___________________________ |
| ______________________ | |
| ______________________ | |

## 1. Вовед

1.1. Извршивме ревизија на приложените финансиски извештаи прикажани на страните 6 и 7 заедно со ревизија на усогласеност на Средното училиште на град Скопје Гимназија „Јосип Броз Тито“ – Скопје, сметка на основен буџет, кои се состојат од Биланс на состојба на ден 31 декември, Биланс на приходи и расходи за годината која завршува со тој датум и преглед на значајни сметководствени политики и објаснувачки белешки кон финансиските извештаи.

1.2. Ревизијата од точка 1 на овој Извештај е извршена согласно член 22 став 1 од Законот за државната ревизија и Годишната програма за работа на Државниот завод за ревизија согласно член 23 од Законот за државната ревизија.

1.3. Извршена е ревизија и издаден е извештај за финансиските извештаи за 2009 година, за кои е изразено позитивно мислење за реалноста и објективноста на финансиските извештаи за годината што е предмет на ревизија, како и за прашањата во врска со усогласеност на активностите, финансиските трансакции и информации со релевантната законска регулатива.

1.4. Финансиските извештаи од точка 1.1. на овој извештај се одговорност на раководството на субјектот, застапувано од :

- М-р Снежана Мироновска, директор од 22.04.2004 до 08.02.2013 година

Оваа одговорност вклучува: дизајнирање, имплементација и одржување на интерна контрола која што е релевантна за подготвување и објективно презентирање финансиските извештаи кои што се ослободени од материјално погрешни прикажувања, без разлика дали се резултат на измами или грешки; избор и примена на соодветни сметководствени политики; како и правење на сметководствени проценки кои што се разумни во околностите.

Раководството на субјектот е исто така одговорно за осигурување дека активностите, финансиските трансакции и информации, рефлектирани во финансиските извештаи се во согласност со релевантната законска регулатива, упатства и воспоставени политики.

Одговорност на ревизорите е да изразат мислење за финансиските извештаи од точка 1.1. врз основа на извршената ревизија. Оваа одговорност вклучува и изразување мислење за тоа дали активностите,

финансиските трансакции и информации рефлектирани во финансиските извештаи се, во сите материјални аспекти, во согласност со релевантната законска регулатива, упатства и воспоставени политики.

Оваа одговорност вклучува извршување на постапки за добивање ревизорски докази за тоа дали приходите и расходите се користени за планираните намени утврдени од страна на законодавецот. Таквите постапки вклучуваат и процена на ризикот од неусогласеност.

## 2. Цели и делокруг на ревизијата

2.1. Цел на ревизијата на финансиските извештаи од точка 1.1. е да му овозможи на ревизорот да добие разумно уверување за тоа: дали финансиските извештаи се ослободени од материјално погрешни прикажувања без разлика дали се резултат на измами или грешки, и дали финансиските извештаи се изготвени, во сите материјални аспекти, во согласност со применливата рамка за финансиско известување и дали активностите, финансиските трансакции и информациите рефлектирани во финансиските извештаи се, во сите материјални аспекти во согласност со релевантната законска регулатива, упатства и воспоставени политики.

2.2. Финансиските извештаи кои се предмет на овој извештај се заснована врз завршната сметка составена според применливата рамка за финансиско известување во Република Македонија.

2.3. Ревизијата е извршена во согласност со стандардите за државна ревизија на Меѓународната организација на Врховните ревизорски институции (ИНТОСАИ) кои се во примена во Република Македонија. Овие стандарди налагаат да ги почитуваме етичките барања и да ја планираме и извршиме ревизијата со цел да добиеме разумно уверување за тоа дали финансискиот извештај е ослободен од материјално погрешни прикажувања. Ревизијата вклучува извршување на постапки за добивање на достатни соодветни ревизорски докази како поткрепа на износите и обелоденувањата во финансискиот извештај. Изборот на постапки зависи од ревизорската процена, вклучително и процена на ризиците за материјални погрешни прикажувања во финансискиот извештај без разлика дали е резултат на измами или грешки.

2.4. При процена на ризиците ревизорот ги разгледува интерните контроли како релевантни за подготовка и објективно презентирање на финансиските извештаи со цел да се дизајнираат ревизорски постапки

кои се соодветни во околностите но не за целите на изразување на мислење за ефективноста на интерните контроли на субјектот. Ревизијата исто така вклучува проценка на соодветноста на користените сметководствени политики и сметководствени проценки направени од страна на раководството на субјектот од точка 1.1. на овој извештај, како и општа оценка за севкупното презентирање на финансиските извештаи. Веруваме дека обезбедените докази ни обезбедуваат разумна основа за нашето ревизорско мислење.

2.5. Ревизијата од точка 1.1. погоре е планирана и извршена во периодот од 18.12.2013 до 19.12.2013 година кај Средното училиште на град Скопје Гимназија „Јосип Броз Тито“ – Скопје, сметка на основен буџет (603-10) за 2012 година од тим на Државниот завод за ревизија.

## 3. Осврт на ревизијата од претходната година-спроведување на препораките

Во конечниот извештај за извршената ревизија на финансиските извештаи на сметка на основен буџет (603-10) за 2009 година, не се констатирани неправилности.

## 4. Наоди и препораки

Прашањата кои ги покрива овој извештај беа дискутирани на завршниот состанок со раководството и одговорните лица на субјектот, предмет на ревизија на ден 26.12.2013 година.
Не се добиени забелешки на Нацрт извештајот на овластениот државен ревизор.

### 4.1. Користење на средства согласно законските прописи

**Јавни набавки**

4.1.1. Извршивме ревизија на постапките за јавни набавки по кои се исплатени средства во вкупен износ од 139 илјади денари и за констатираните состојби детално е известено во точка 4.2.1. од Конечниот извештајот на овластениот државен ревизор за сметката на буџет од самофинансирачки активности (787) за 2012 година.

**Препорака:**
Одговорното лице на СУГС „Јосип Броз Тито„ да превземе мерки и активности за надминување на утврдените состојби и доделувањето на договорите за јавни набавки да се врши согласно законската регулатива.

**Вкупни ефекти од наодите**

Ревизијата не утврди материјални ефекти на финансиските извештаи.

## 5. Ревизорско мислење

### Мислење за финансиските извештаи

Според наше мислење, финансиските извештаи ја претставуваат вистинито и објективно, во сите материјални аспекти, финансиската состојба на Средното училиште на град Скопје Гимназија „Јосип Броз Тито“ – Скопје сметка на основен буџет (603-10) на ден 31 декември 2012 година и резултатот од финансиските активности за годината која завршува со тој датум, во согласност со важечката законска регулатива.

### Мислење за усогласеност со закони и прописи

Според наше мислење, активностите, финансиските трансакции и информации рефлектирани во финансиските извештаи на Средното училиште на град Скопје Гимназија „Јосип Броз Тито“ – Скопје сметка на основен буџет (603-10), во сите материјални аспекти, се во согласност со релевантната законска регулатива, упатства и воспоставени политики.

**БИЛАНС НА ПРИХОДИ И РАСХОДИ ЗА 2012 година**

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| | | | | **во 000 денари** |
| **Опис на позицијата** | **Образложение** | 2012 | | 2011 |
| | | | | |
| **Приходи** | | | | |
| Трансфери и донации | 3.1.1. | 3.579 | | 2.593 |
| **Вкупно приходи** | | **3.579** | | **2.593** |
| | | | | |
| **Расходи** | | | | |
| **Тековни расходи** | | | | |
| Стоки и услуги | 3.2.1. | 3.574 | | 2.593 |
| Субвенции и трансфери | 3.2.2. | 5 | | 0 |
| **Вкупно тековни расходи** | | **3.579** | | **2.593** |
| | | | | |
| **Вкупно расходи** | | **3.579** | | **2.593** |

*Ревизорски тим* *Овластен државен ревизор*

____________________ ____________________

____________________

____________________